ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0302-1122/6
Дата, Data 07-03-2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018) в.д.Директорот на ЈП Водовод и канализација-Скопје донесува

**О Д Л У К А**

за невршење на избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1.НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за работното место 1.**Советник за нормативни и правни работи, во Одделение за нормативни и правни работи, во Сектор Правни и општи работи, со шифра КДР0102В01095, ниво В01, 1 (еден) извршител.**

2.Оваа Одлука ќе се објави на интернет страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 15.02.2022 година на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје и веб страницата на Агенција за администрација, објавен е интерен оглас бр.01/2022 за пополнување на работното место Советник за нормативни и правни работи, во Одделение за нормативни и правни работи, во Сектор Правни и општи работи, со шифра КДР0102В01095, ниво В01, 1 (еден) извршител со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0302-1122/3 од 28.02.2022 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавата и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на огласот вкупно се пријавени 5 (пет) кандидати од кои 1 (еден) кандидат со неуредна документација и за тоа состави записник од административна селекција бр.0302-1122/5 од 03.03.2022 година кој го достави до Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесува на тоа што **кандидатот на работното место е од 08.07.2020 година и не го исполнува условот да има поминато најмалку 2 година на исто ниво согласно барањето во објавениот интерен оглас и Правилникот за систематизација на работните места на претпријатието.**

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенција за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на ЈП Водовод и канализација-Скопје.

ЈП Водовод и канализација-Скопје
в.д.Директор
М-р Златко Перински

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Пријавениот кандидат
- Сектор за човечки ресурси
- Архива